**СТОПАНСКА БАНКА АД-СКОПЈЕ**

# ОДЛУКА

за определување на износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции

Скопје, Мај 2026

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска Банка АД-Скопје (Н.О. 44/27.04.2026 пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска Банка АД-Скопје донесе

**ОДЛУКА**

**за определување на износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции**

1. Собранието на акционери на Стопанска Банка АД-Скопје (СБ) ја одобрува исплатата на дивиденда на обичните акции во вкупен бруто износ од 1.030.150.620,00 денари.

2. Бруто дивиденда по акција изнесува 59,00 денари.

3. Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда, односно датум на пресек на Акционерската книга, е 15.06.2026 година.

4. Последен ден на тргување со право на дивиденда е 11.06.2026 година.

5. Прв ден на тргување без право на дивиденда е 12.06.2026 година.

6. Исплатата на дивиденда ќе се реализира почнувајќи од 13.07.2026 година и истата ќе биде исплатена во готово, на платежните сметки на имателите на обични акции.

7. СБ ќе го објави известувањето до акционерите со право на дивиденда во најмалку еден дневен весник и на интернет страницата на СБ.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

С.О.Бр._____ /2026
28.05.2026
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со оваа Одлука се определува износот и начинот на исплата на дивиденда на обичните акции согласно со одредбите на Законот за трговски друштва.

Со приложената Одлука се предлага од расположивата добивка од 2025 година во износ од 717.196.804,00 денари и расположливата добивка од претходни години во 312.953.816,00 денари, или вкупен износ на 1.030.150.620,00 денари да се исплати како бруто дивиденда на имателите на обични акции на Стопанска Банка АД-Скопје. Вкупниот износ на обични акции изнесува 17.460.180 и бруто дивидендата по акција изнесува денари 59,00 денари.

Согласно важечката регулатива, исплатате ќе се изврши почнувајќи од 13.07.2026 година. Исплатата на дивиденда ќе се изврши на сите регистрирани акционери на ден 15.06.2026 година.

Банката ќе го пресмета и намали износот од бруто дивидендата на сите даноци согласно важечката регулатива на денот на исплатата.

Согласно наведеното, се предлага Собранието на акционери да ја донесе оваа Одлука.

Скопје, Мај 2026